Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневните настани 29.02.2024

На 28.02.2024 околу 23.25 часот во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 41-годишниот А.А. од тетовска Шипковица. При претрес во домот во кој времено престојувал во Тетово, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и дигитална вага. Тој е задржан во Полициската станица Тетово и по целосно расчистување и документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.02.2024 во 15.30 часот, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода М.Р.(60) и З.И.(58), двајцата од тетовска Шипковица. Тие биле затекнати во месноста „Студена река", атар на тетовски Бродец, како со моторни пили бесправно сечат букови стебла. Извршен е увид и било утврдено дека на местото биле пресечени околу 200 стебла. По целосно документирање на случајот против двајцата ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 28.02.2024 во 14.00 часот на подрачјето на Центар во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода тројца малолетници од Скопје. Тие се сомничат дека околу 13.10 часот во Градскиот парк во Скопје, со уште две други лица, физички го нападнале Ф.П.А.(19) од Скопје и се обиделе да му го одземат паричникот. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.02.2024 во 10.20 часот на улица „Цветан Димов" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го привеле 40-годишниот тетовец С.Ќ.. Тој бил баран по централна потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Скопје за издржување на казната.

Денеска (29.02.2024) во 01.20 часот на подрачјето на Гази Баба во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Ш.(21) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 28.02.2024 на ул.„Филип Втори Македонски" во Битола, полициски службеници од СВР Битола ја лишиле од слобода К.З.(34) од Битола затоа што кај него била пронајдена грутеста материја. По документирање на настанот, против К.З. ќе следува соодветен поднесок.

На 28.02.2024 во 21.20 часот во с.Сопиште, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 28.02.2024 во 22.50 часот на подрачјето на Карпош во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ј.Б.(19) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР поднесе кривична пријава против Д.П., полициски службеник во Полициската станица за гранични проверки и граничен премин Деве Баир, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство" по член 386 од Кривичниот законик и пријава за констатиран прекршок по Законот за прекршоците против јавниот ред и мир против Н.Д., исто така, полициски службеник во Полициската станица за гранични проверки и граничен премин Деве Баир. На 04.11.2023 во казино во Куманово, пријавениот Д.П. физички нападнал лице вработено како обезбедување во казиното и агресивно се однесувал кон полициски службеници од Полициската станица Куманово, кои извршувале службени дејствија. Н.Д., кој бил заедно со Д.П., го нарушил јавниот ред и мир и агресивно се однесувал кон обезбедувањето. Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди против двајцата полициски службеници поднесе предлог за поведување на постапка за кршење на работниот ред и дисциплина по член 210 од Колективниот договор на МВР. Додека за Д.П. изречена е мерка за отстранување од работното место до донесување на решение во дисциплинската постапка. При преземање мерки за расчистување на случајот било констатирано дека при интервенцијата, Д.К. и Ф.М., двајцата полициски службеници од Полициската станица Куманово, не ги преземале сите потребни службени дејствија против лице од обезбедувањето во казиното и не изготвиле поднесок против него. И против нив Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди поднесе предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност по член 210 од Колективниот договор на МВР.

На 28.02.2024 во 13.05 во Полициско одделение Кривогаштани, В.Ѓ.(49) од с.Обршани, прилепско, пријавила дека при вршење на земјоделски работи во дворното место, нејзиниот сопруг пронашол две минофрлачки гранати. Пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување безбедно ги подигнал гранатите и констатирал дека се работи за гранати со калибар од 62мм од Првата Светска војна.

На 28.02.2024 во 10.35 часот на Граничниот премин Долно Блаце, полициски службеници го привеле Г.Б.(41) од Република Турција затоа што при извршена проверка било констатирано дека остварил илегален влез во државата. Тој бил предаден на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал миграции странци и реадмисија за понатамошна постапка.

На 28.02.2024 во 15.25 часот на Граничниот премин Табановце, полициски службеници го лишиле од слобода С.С.(26) од Република Молдавија затоа што при извршена пасошка контрола било констатирано дека евидирал со мерка „апси" по барање на Интерпол Романија. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (28.02.2024) Министерството за внатрешни работи спроведе акција контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 599 возачи. Од нив 26 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а пет возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 275 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 324 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (28.02.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 249 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 71 санкција, 12 мерки за возење без возачка дозвола, осум санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, 12 мерки за користење на мобилен телефон при возење, четири санкции за возење под дејство на алкохол...

На 28.02.2024 во 12.25 часот во Полициската станица Центар, В.А.(61) од Скопје пријавила дека на ул.„Македонија" во Скопје била касната од куче скитник.

На 28.02.2024 во 21.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, М.Ш.(51) од Скопје пријавила дека во с.Горно Соње, скопско, била касната од куче скитник.

На 28.02.2024 во 11.10 часот во Полициската станица Драчево, А.К.(22) од Скопје пријавил дека на ул.„Иван Хаиниколов" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 28.02.2024 во 22.00 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Л.Ш.(25) од Куманово. Тој се сомничи дека на 27.02.2024 од приватен имот на улица „Вера Которка" во Куманово одзел повеќе предмети. Л.Ш. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 28.02.2024 во 10.30 часот во Велес, полициски службеници од СВР Велес ја лишиле од слобода Ц.П.(43) од Велес поради сомнение за сторено кривично дело „кражба". Според пријавеното, од домот на С.Д.(62) од Велес, со кој претходно била во врска, одзела пари. Таа е приведена во полициска станица, бил известен јавен обвинител и по документирање на настанот против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.А.(34) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторени 10 кривични дела „тешка кражба" и едно кривично дело „тешка кражба во обид". Тој, во периодот од 13.11.2023 до 21.02.2024, со употреба на сила и подесен алат, од станови и куќи на подрачје на Охрид одзел повеќе предмети. При претрес во домот, кој времено го користел, извршен со судска наредба, полициските службеници пронашле и одзеле дел од одземените предмети.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Е.Ј.(54) од дебарското село Могорче поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности". Пријавениот, во текот на 2023 година, на катастарска парцела во државна сопственост во истото село, без соодветна документација, нелегално започнал градежни работи и противправно се стекнал со туѓо земјиште.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Ш.М.(58) од струшкото село Калишта и Ш.М.(53) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Тие, на катастарски парцели во Струга, бесправно, изградиле објекти за домување со деловени простори, што било констатирано од извршени инспекциски надзори.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР поднесе кривична пријава против И.И. од Македонска Каменица, по полициски службеник во Полициското одделение Македонска Каменица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста" по член 144 од Кривичниот законик, односно дека упатил закани кон лице од Македонска Каменица. Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди против полициското службеници поднесе предлог за поведување на постапка за потешко кршење на работниот ред и дисциплина по член 210 од Колективниот договор на МВР, а изречена е и мерка за отстранувањe од работното место до донесување на решение во дисциплинската постапка.

На 28.02.2024 од 09.00 до 15.00 часот на подрачјето на СВР Охрид реализирани се засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници, затекнале и санкционирале 55 возачи кои управувале моторни возила со брзина поголема од дозволената (Охрид-26, Струга-21, Кичево-04, Дебар-04).

На 29.02.2024 во 00.40 часот во СВР Куманово, В.И.(30), вработена во јавно претпријатие „Куманово паркинг", пријавила дека на работното место во депо на „пајак" службата била физички нападната од едно женско лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.02.2024 во 18.30 часот во СВР Скопје, А.Д.Ј.(48) од Скопје пријавила дека околу 12.30 часот на подрачјето на Центар нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од неколку малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.02.2024 во 16.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 15.00 часот на пазар на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.С.(60) од една страна и С.А.(52) и А.Р.(53), од друга страна, сите од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 28.02.2024 во 10.00 часот во СВР Скопје, С.О.(51) од Скопје пријавил дека на 27.02.2024 околу 20.00 часот пред угостителски објект на подрачјето на Бит Пазар бил физички нападнат од К.К., И.Н. и уште едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.02.2024 во 15.52 часот во СВР Скопје, Ш.Љ.(41) од Скопје пријавил дека во средно училиште на подрачјето на Бит Пазар, неговиот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.02.2024 во 16.25 часот во СВР Скопје, Д.К.(29) од Скопје пријавил дека околу 13.00 часот на подрачјето на Кисела Вода, по претходно недоразбирање во сообраќајот, тој и неговата мајка биле физички нападнати од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.02.2024 во 13.00 часот во СВР Скопје, С.Д.(55) од Скопје пријавил дека на 27.02.2024 околу 13.00 часот во круѓот на приватна фирма во нас.Илинден, каде што работел, пронашол запутано зрно од огнено оружје. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје, а зрното било подигнато за понатамошна постапка.

На 28.02.2024 во 18.15 часот во СВР Скопје, А.Ќ. од Скопје пријавил дека во с.Страхојадица, општина Зелениково, додека бил во неговата штала, Н.К. од с.Зелениково од возило во движење пукал со огнено оружје кон шталата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.02.2024 во 14.10 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека во својот дом бил пронајден починат Ч.М.(90) од Кочани. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт со видливи повреди на телото. Увид извршила увидна екипа од ОВР Кочани, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било предадено на одјукција.

На 28.02.2024 во СВР Битола, Б.А.(70) од Битола пријавил дека на ул.„Генерал Васко Карангелевски" во Битола бил каснат од куче скитник.

На 29.02.2024 во 09.10 часот, С.Ј.(32) од Скопје, со приверен престој во Кичево, во полициска станица пријавила дека на улицата „Борис Кидрич" во Кичево била касната од куче скитник.

На 28.02.2024 во 20.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Љ.М.(66) од Скопје пријавил дека на ул.„Трифун Хаџи Јанев" бил каснат од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против малолетник од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „убиство во обид". На 27.12.2023 на паркинг простор на подрачје на Чаир, пријавениот со остар предмет нанел тешка телесна повреда на друг малолетник.

СВР Штип поднесе кривична пријава против С.Н.(33) и Ј.И.(52), двајцата од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 30.11.2023 во двор од куќа на Р.К., пријавените со уште неколку лица физички и со тврди предмети го нападнале него и Г.Ј., С.А. и А.А..

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Т.Ј.(37) од Радовиш поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 20.07.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин и дробилка.

СВР Велес поднесе кривична пријава против В.П.(75) од Кавадарци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено држење на оружје или распрскувачки материи". На 23.04.2023, полициски службеници кај пријавениот пронашле и одзеле пиштол „валтер" и повеќе куршуми.